**20131543659**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 182 став (5) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13), министерот за труд и социјална политика донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ, ПРОДОЛЖУВАЊЕ, ОБНОВУВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРИ НА УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА, СТРУЧНИ РАБОТНИЦИ, СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ, ВОСПИТУВАЧИ И НЕГОВАТЕЛИ ВО СИСТЕМОТ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ НА ДЕЦА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКИТЕ, КАКО И ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА РАБОТА

Член 1

Во Правилникот за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа на директори на установи за деца, стручни работници, стручни соработници, воспитувачи и негователи во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, начинот на спроведување на обуките, како и за формата и содржината на образецот на лиценцата за работа („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/13), во член 2 став (2) во алинејата 1 зборот „диплома“се заменува со зборовите „копија од диплома“.

Во алинејата 2 по зборот „Македонија“ зборовите „ не постар од една година “ се бришат.

Во алинејата 4 по зборот „уверение“ се додаваат зборовите „или извештај од извршен систематски преглед“.

Алинејата 5 се менува и гласи:

„- потврда за работен однос за лица кои се во работен однос,“.

Во ставот (4) зборовите „заверена на нотар“ се бришат.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 11-9210/1
4 ноември 2013 година
Скопје

Министер,
**Диме Спасов,** с.р.